***Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А***
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА***

# *У П А Т С Т В О*
***за измена и дополна на Упатството за работа на органите за финансии во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија***

***-Скопје, декември 2013 година-***

Врз основа на одредбите на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), а во врска со член 7 став 1, алинеа 6 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија„ бр. 90/2009) , министерот за одбрана донесе,

# У П А Т С Т В О

за измена и дополна на Упатството за работа на органите за финансии во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија

Точка 1

Во Упатството за работа на органите за финансии во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија бр.02-4385/3 од 06.07.2011 година во точка 25, се додава нова точка 25-а која гласи:

**“По извршена *ex-ante* контрола и по утврдување на исправноста на документите, во рок од 5 (пет) работни денови документите се доставуваат на плаќање.”**

Точка 2

Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.03-6599/1
30.12.2013 година

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
m-r Talat Xhaferi

Изработено во: Сектор за финансии
Нормативно правно и
номотехнички усогласил: Митар Петковски
Одобрил: Спасоја Дамјаноски

О б р а з л о ж е н и е

Правен основ за донесување на Упатството за работа на органите за финансии во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија бр.02-4385/3 од 06.07.2011 година е член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), а во врска со член 7 став 1, алинеја 6 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија„ бр. 90/2009).

Измената и дополната на Упатството се врши согласно укажаната потреба за утврдување на одредени рокови во обработката, доставувањето и исплатата на финансиските документи, а во врска со наодите и забелешките дадени од страна на Секторот за внатрешна ревизија, по извршување на ревизијата во текот на 2013 година согласно Планот за извршување на внатрешна ревизија за 2013 година.